МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ
Адреса „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Р. Македонија

До: Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје
Орце Николов 75, 1000 Скопје

Датум: август 2016 година

Предмет: Образложение за работењето на Македонски Телеком АД – Скопје за периодот од 01.01.2016 до 30.06.2016 година

Следната анализа се однесува на неревидираните финансиски извештаи на Македонски Телеком за периодот 01.01.2016 - 30.06.2016, подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).

Согласно претходните известувања до Македонската Берза, на ден 31.10.2013 година склучена е Спогодба за присоединување на Т-Мобиле Македонија, како друштво што се присоединува, кон Македонски Телеком, како друштво што презема. Спогодбата за присоединување е изменета со Анекс кон истата склучен на 20 април 2015 година.

Согласно Спогодбата за присоединување и Анексот кон истата, а и врз основа на одредбите од Законот за трговски друштва, 31 декември 2014 година е определен како датум од кога сите зделки на Т-Мобиле Македонија, од сметководствена гледна точка ќе се сметаат како да се извршени за сметка на Македонски Телеком. Соодветно, од 1 јануари 2015 година сметководствената евиденција и за Т-Мобиле Македонија и за Македонски Телеком ќе ја води само Македонски Телеком.

Согласно Спогодбата за присоединување и Анексот кон истата, кои беа прифатени и потврдени од страна на Собранијата на Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија на седниците одржани на 17 јуни 2015 година, деловните активности на Т-Мобиле Македонија престанаа заклучно со 30 јуни 2015 година кога и ова друштво беше избришано од Централниот Регистар. Со бришењето од Централниот регистар, Т-Мобиле Македонија престана да постои како правно лице без да се спроведе ликвидација.

Со престанокот на Т-Мобиле Македонија, имотот и обврските на Т-Мобиле Македонија се пренесоа на Македонски Телеком по пат на универзален пренос на целиот имот и обврски (актива и пасива).

Следствено, имајќи го предвид датумот на усвојување на одлуките поврзани со присоединувањето (17 јуни 2015 година), почнувајќи од вториот квартал на 2015 година презентираниот сет на поединечни финансиски извештаи е споредлив со консолидираните финансиски извештаи на Македонски Телеком кои беа објавувани во претходните периоди.

## I Приходи

Приходите од продажба во првите шест месеци од 2016 година изнесуваат 5.091.790 илјади денари, што претставува зголемување 1,1% во споредба со истиот период од претходната година.

## Говорни услуги

### Говорни услуги во фиксна телефонија

Македонски Телеком успеа да ја одржи **водечката позиција на пазарот на фиксни говорни услуги** со 60,7% (интерна проценка), односно 219,5 илјади корисници на крајот од првите шест месеци од 2016 година.

**Приходите од говорни услуги** во првите шест месеци од 2016 година во фиксниот сегмент се намалија за 10,6% во споредба со истиот период од претходната година поради намалениот број на корисници на фиксна телефонија за 4% и намален појдовен сообраќај за 19,1% како и помали приходи заради помал обем на дојдовен меѓународен сообраќај.

### Мобилни говорни услуги

На пазарот на мобилната телефонија Друштвото има **удел на пазарот од 48,3%** (интерна проценка). Базата на претплатници на крајот од првите шест месеци од 2016 година изнесува 1.221 илјади претплатници и е зголемена за 3,5% во однос на истиот период од претходната година кога изнесуваше 1.180 илјади претплатници.

**Приходите од говорни мобилни услуги** на крајот од првите шест месеци од 2016 година се намалија за 6,3% во споредба со истиот период од претходната година. Ова намалување се должи на зголемената конкуренција и намалувањето на тарифите од една страна и намалените приходи од говорен роаминг и од при-пејд како и помалиот мобилен сообраќај од меѓународни дојдовни повици од друга страна. Трендот на зголемено користење на мобилните услуги продолжи при што се повеќе и повеќе минути се опфаќаат во пакетите за истата цена. Тоа резултираше со зголемување на бројот на минути на користење (MOU) делумно придвижено од континуираното намалување на тарифите. Намалувањето на приходите од говорни услуги во роаминг главно се должи на прописите од Агенцијата за електронски комуникации во однос на говорните услуги во роаминг – роаминг во рамки на Балканските земји (променети цени од јули 2015) што овозможуваат пониски цени помеѓу Балканските земји и воведување на одредена забрана во говорните услуги во роаминг. Следствено, ARPU се намали за 4,5% во споредба со истиот период од претходната година, достигнувајќи 316 денари.

## Интернет, ТВ и други неговорни услуги

### Фиксен Интернет и ТВ

Базата на DSL корисници на крајот од првите шест месеци од 2016 година остана стабилна во споредба со истиот период од претходната година и изнесува 189 илјади корисници, додека **уделот на пазарот на широкопојасен интернет за истиот период е 48,6%** (интерна проценка).

Во однос на **ТВ пазарот**, Македонски Телеком има 25,3% (интерна проценка) удел од вкупниот ТВ пазар. IPTV услугата, поради високиот квалитет, интерактивноста и уникатното ТВ искуство, е добро прифатена на пазарот и Компанијата оствари зголемување на бројот на корисници на IPTV (Magenta 1, 3Max, 2 Max и само IPTV корисници) за 5,8% во споредба со истиот период од


МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ
Адреса: „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Р. Македонија
Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Контакт центар +389 2 122
E-Mail: kontakt@telekom.mk | Internet: www.telekom.mk
ЕМБС 5168660 | Основна главнина МКД 9.583.887.733,00

ISO 9001, ISO 14001 и ISO 27001 сертифицирана компанија

претходната година што резултираше со база од 105,4 илјади корисници на крајот од првите шест месеци од 2016 година.

**Приходите од малопродажен Интернет и дигитална телевизија преку Интернет протокол („IPTV“)** на крајот од првите шест месеци од 2016 година се зголемија за 2,9% во споредба со истиот период од претходната година.




### Мобилни неговорни услуги

**Приходите од неговорни услуги** во првите шест месеци од 2016 година се зголемија за 11,4% во споредба со истиот период од претходната година, како резултат на зголемените приходи од мобилен Интернет и поголем GPRS сообраќај и зголеменото користење на податочни тарифни модели делумно компензирани од намалените приходи од малопродажни СМС пораки како и од пониските приходи од GPRS во роаминг што главно се должи на променетите цени во однос на користењето на GPRS роаминг во рамки на Балканските земји (од јули 2015) односно пониски цени помеѓу Балканските земји и воведување на одредена забрана за услуги во податочниот роаминг според прописите од Агенцијата за електронски комуникации.

## Останати приходи



### Останати приходи во фиксниот и мобилниот сегмент

**Приходите од продажбата на опрема** на крајот од првите шест месеци од 2016 година се зголемија за 11,1% во споредба со истиот период од претходната година, што се должи на поголемиот број на продадени мобилни апарати заради задржување на претплатниците по повисока просечна продажна цена, делумно компензирано со пониската продажба на друга ИКТ опрема во фиксниот сегмент.

**Приходите од системска интеграција и ИТ услуги** на крајот од првите шест месеци од 2016 година се зголемија за 81,1% во споредба со истиот период од претходната година, поради зголемените приходи од ИКТ проекти, Cloud Computing услугите и други интегрирани решенија за бизнис корисници.

## II Трошоци




### Оперативни трошоци

На страната на трошоците, на крајот од првите шест месеци од 2016 година оперативните трошоци бележат зголемување од 6,9% во споредба со истиот период од претходната година.

Трошоците за вработени се зголемени за 30,6% на крајот од првите шест месеци од 2016 година во споредба со истиот период од претходната година. Зголемувањето се должи на трошоците за отпремнини на вработените коишто ја напуштија компанијата, по потпишувањето на договорот за управувани услуги со Ериксон, којшто од 01 јули 2016 е одговорен за одржување на мрежната

инфрастуктура на Македонски Телеком како што претходно беше објавено при крајот на јуни 2016 на македонската берза и во медиумите.

Трошоците за набавна вредност на трговски стоки се зголемени за 16,1% на крајот од првите шест месеци од 2016 година во споредба со истиот период од претходната година поради зголемената продажба на опрема вклучително и во сегментот на системска интеграција.

Трошоците за амортизација на крајот од првите шест месеци од 2016 година во споредба со истиот период од претходната година се намалени за 1,7%.

### Капитални трошоци

Вкупните капитални инвестиции (CAPEX), на крајот од првите шест месеци од 2016 година изнесуваат 463.354 илјади денари.

## III Нето добивка

Горенаведените движења на страната на приходите и трошоците резултираа со намалување на нето добивката за првите шест месеци од 2016 година за 52,7% во споредба со истиот период од претходната година, што резултираше во нето добивка од 258.924 илјади денари.

*****

*На 13 февруари 2006 година, Маѓар Телеком АД, доминантниот сопственик на Друштвото, (преку Каменимост Комуникации АД – Скопје, мнозински акционер на Друштвото), објави дека е вршена истрага на одредени договори склучени од друга подружница на Маѓар Телеком АД, со цел да се утврди дали договорите биле склучени во спротивност на политиките на Маѓар Телеком АД или важечките закони или регулативи. Одборот за ревизија на Маѓар Телеком го ангажираше White & Case како свој независен правен советник за целите на спроведувањето на интерната истрага. Последователно на ова, на 19 февруари 2007 година, Одборот на директори на Друштвото, врз основа на препораката на Одборот за ревизија на Друштвото и на Одборот за ревизија на Маѓар Телеком АД, донесе одлука за спроведување на независна интерна истрага во однос на одредени договори во Македонија.*

*Врз основа на јавно достапните информации, како и информациите добиени од Маѓар Телеком, а коишто беа претходно обелоденети, Одборот за ревизија на Маѓар Телеком спроведе интерна истрага во однос на одредени договори поврзани со активностите на Маѓар Телеком и/или нејзините подружници во Црна Гора и во Македонија кои вкупно изнесуваа повеќе од 31 милион евра. Поконкретно, интерната истрага испитуваше дали Маѓар Телеком и/или нејзините подружници во Црна Гора и во Македонија извршиле плаќања коишто се забранети со законите или прописите на САД, вклучувајќи го и американскиот Закон за спречување на корумпирано однесување во странство (ФЦПА). Друштвото претходно ги обелодени резултатите од интерната истрага.*

*Одборот за ревизија на Маѓар Телеком го информираше Министерството за правда на САД („МП“) и Комисијата за хартии од вредност на САД („КХВ“) за интерната истрага. МП и КХВ започнаа истрага за активностите коишто беа предмет на интерната истрага. На 29 декември 2011 година, Маѓар Телеком објави дека склучи конечни спогодби со МП и КХВ за решавање на истрагите на МП и КХВ поврзани со Маѓар Телеком. Со спогодбите завршија истрагите на МП и КХВ. Маѓар Телеком ги објави клучните услови од*

*спогодбата со МП и КХВ на 29 декември 2011 година. Поконкретно, Маѓар Телеком објави дека склучил договор за одложено гонење за период од две години („ДОГ“) со МП. ДОГ истече на 5 јануари 2014 година, а врз основа на барањето на МП доставено во согласност со ДОГ, Окружниот суд на САД за Источната област на Вирџинија, на 5 февруари 2014 година, ги отфрли обвиненијата против Маѓар Телеком.*

*Во врска со локалната истрага од страна на државните органи во Македонија, а во однос на одредени договори спомената во Финансиските извештаи на Друштвото за претходните години, Основниот суд Скопје 1 - Скопје испрати покана за претставник на Друштвото за присуство на претрес закажан на 25 февруари 2016 година. Постапката е во тек.*

*Немаме сознанија за било какви информации како резултат на барања од кое било регулаторно тело или други надворешни страни, освен како што е опишано погоре, од кои би можеле да заклучиме дека финансиските извештаи можат да бидат неточни, вклучувајќи го и ефектот од можни незаконски дејства.*

| | | |
|---|---|---|
| Андреас Маиерхофер | Жарко Луковски | Славко Пројкоски |
| Главен извршен директор | Главен оперативен директор | Главен директор за финансии |